**20250611270**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 март 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2025 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 82.185.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 150.01– Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 3А-Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита и ќе се користат за следните намени:

- Изградба на детска градинка во Општина Зелениково;
- Изградба на детска градинка во Општина Брвеница.

Средствата за реализација на оваа програма, ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2021, 2022, 2023 и 2024 година, за кои веќе се отпочнати постапки за јавна набавка: градежни работи за изградба на детски градинки во општините Чаир, Могила, Делчево, Желино, Долнени, Карпош и Валандово, доградба на детски градинки во општините Гевгелија, Карбинци и Дебар и опремување на детски градинки во општините Чаир и Битола.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за социјална политика, демографија и млади и доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.12.2025 година.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-2051/9
18 март 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.